ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

К О Д Е К С

НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ-ТРЕНЕРИ НА УЧИЛИШНИТЕ НАТПРЕВАРИ

Октомври, 2012 година

Врз основа на член 24 од Статутот на Федерацијата за училишен спорт на Македонија (ФУСМ), Извршниот одбор на ФУСМ на седницата одржана на ден 10.10.2012 година, го донесе следниот

К О Д Е К С

НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ – ТРЕНЕРИ НА УЧИЛИШНИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 1

Овој Кодекс содржи основни норми за однесување на наставникот-тренер по физичка култура на училишните натпревари, како и во работната и животна средина.

Член 2

Наставникот-тренер ја извршува својата должност во склад со Статутот, односно Кодексот на однесување на наставниците-тренери по физичка култура. Во своето однесување и постапки наставникот тренер се грижи за статусот и угледот на спортот и за авторитетот на својата професија.

Член 3

Во извршувањето на својата работа наставникот-тренер ќе настојува да со ЗНАЕЊЕ, ЗАЛАГАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ стекне доверба, углед кај своите ученици-играчи, родителите како и потесната и поширокатa средина.

Член 4

Наставникот-тренер постојано води сметка за сопственото стручно усовршување, достигнување на тренерската наука, своето искуство и искуството на други.

Член 5

Наставникот-тренер ги превзема сите обврски и задачи во областа на стручното усовршување кои се во надлежност на ФУСМ, а кои произлегуваат од позивот на спортскиот педагог (советување, семинари, курсеви, консултации и сл.)

Член 6

Наставникот-тренер е должен со своето однесување да служи како пример на хуманост, отвореност, достоинственост и културно однесување.

Член 7

Со својата работа и искуство наставникот-тренер е должен да помага понатаму за развивање и усовршување на спортот, а резултатите до кои доаѓа да ги направи пристапни за останатите наставници-тренери и спортските педагози воопшто.

Член 8

Наставникот-тренер ги проверува и вреднува достигнувањата на теоријата и праксата на спортскиот тренинг и со нови факти да внесува корекција или битни промени во таа област.

Член 9

Како воспитувач наставникот-тренер покажува беспрекорно морално и друштвено однесување како на работа така и во секојдневниот живот.

Член 10

Како учител и воспитувач, наставникот-тренер нема само задача да го подигнува нивото на играчките способности кај играчите туку и со примена на соодветни средства и барања во тренажниот процес да овозможи позитивно трансформирање на ученикот-спортист во сите димензии на неговата личност. Ученикот-спортист постојано е субјект кај наставникот-тренер.

Член 11

Должност на наставникот-тренер е да користи резултати и искуства на други спортови, гранични и сродни науки како и со својата работа и настапи овозможи и на други такво фунционално поврзување.

Член 12

Професионалната и стручната етика бара од наставникот-тренер апсолутно чесен однос во интерпретацијата на сопствените резултати. Наставникот-тренер не ги покрива и не ги менува резултатите до кои дошол самиот или со посредство на искуствата на други.

Член 13

Во приватни и службени околности и односи наставникот-тренер не изнесува невистини за своето образование, стручната класификација и работното искуство. Исто така наставникот-тренер не ги претставува на неточен или компромитирачки начин ФУСМ или установата во која работи. Тој е должен да ги исправи (демантира) евентуалните неточни наводи кои се појавиле во врска со нив, ФУСМ или установата каде работи.

Член 14

Не е дозволено било каков однос помеѓу наставникот тренер и спортистите освен односите кое се во склад со моралните одредби на општеството и односот на педагог спрема воспитаниците.

Спротивно е за угледот на наставникот-тренер да има било какво морално или материјално искористување на учениците-спортисти, нивните родители или старатели.

Член 15

Во склад за зачувување на угледот на позивот спортски педагог, наставникот-тренер не прифаќа никакви признанија и материјални давања, доколку тоа не се врзани исклучиво за резултатите и заслугите во работата.

Член 16

Наставникот тренер не ги препишува на себе достигнувањата и резултатите кои не ги остварил или не учествувал во тоа. Својот удел во достигнувањата и резултатите навистина ќе го прикаже само со вистинската улога.

Член 17

Наставникот-тренер е должен да ја чува работната тајна и работната дискреција. Сите податоци за играчите кои можат да им донесат било какви непријатности или штета се професионална тајна на наставникот-тренер и не смеат да се објавуваат или соопштуваат, освен кога за тоа постои правна потреба.

Член 18

Наставникот-тренер не превзема експерименти кои би можеле да им наштетат на учениците. За секој и најмал ризик во тој поглед е потребна согласност и од ученикот (доколку е полнолетен) или родителот.

Член 19

Наставникот-тренер знае дека почитувањето и угледот го должи на својот позив и дека тоа го обврзува на другарски начин однесување према други наставници-тренери и спортските педагози воопшто, што подразбира и коректна професионална солидарност. Чест е, а истовремано и должност наставникот-тренер да соработува и пружа помош на колегите.

Член 20

Наставникот-тренер на тактичен начин со максимално искажување на објективност влегува во конфликти во кои од лична природа се спротиставува на играчката или професионална етика.

Член 21

Наставникот-тренер во својата животна и работна средина го пропагира спортот и сите вредности кои од тоа произлегуваат. Со својата активност тој дава поддршка и допринос за развој на спортот и организацијата на ФУСМ.

Член 22

Наставникот-тренер обавува изразито јавна дејност, па тоа го обврзува да води сметка за своето однесување, изглед и облекување.

Член 23

Во случај да со основните начела и етика на општеството дојдат во конфликт со средината во која работи и делува наставникот тренер, тој ќе се бори за доследна реализација на тие начела. Во тоа настојување може да побара и поддршка од ФУСМ.

Член 24

Посебна одговорност на наставникот-тренер во училиштето е грижа за организација, стручна и секојдневна работа со учениците.

Член 25

За кршење на нормите на однесување од овој Кодекс, наставникот-тренер ќе одговара пред Извршниот одбор на ФУСМ.

За потешки прекршоци ќе одговара према Дисциплинскиот правилник на ФУСМ.

Покренување постапка може да биде од страна на наставник-тренер, делегат, училиште, Федерацијата, но и лице надвор од ФУСМ.

Член 26

Овој Кодекс е донесен на состанокот на седница на Изввршниот одбор на ФУСМ.

Измена и дополнување на овој Кодекс, се врши со посебна Одлука за измена и дополнување, усвоена од Извршниот одбор на ФУСМ.

Член 27

Овој Кодекс влегува во сила од денот на неговото донесување а ќе се применува од сезоната 2012/2013 година.

ФЕДЕРАЦИЈА ЗА УЧИЛИШЕН
СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Проф. Д-р Александар Туфекчиевски